# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ ЗА 2023 ГОДИНА

## 1.Предметно работење на ниво на суд

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 296 | 13 476 | 90 | 3 | 15 854 | 12 854 | 3 000 |

## 2.Судска управа

| Вид на предмети од уписник | нерешени предмети на почеток на годината | новопимени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 1 | 2188 | 0 | 2189 | 2189 | 0 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| СУ-ИЗЗ | 1 | 59 | 0 | 60 | 60 | 0 |
| УПП | 1 | 10 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| СПИ | 0 | 14 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| Вкупно | 3 | 2272 | 0 | 2275 | 2275 | 0 |

## 3.Квалитет на предметите на ниво на суд

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | број | % | број | % | број | % |
| 2458 | 266 | 10,8 | 77 | 3,1 | 31 | 1,3 |

## 4.Предметно работење на ниво на кривичен оддел

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1605 | 7600 | 33 | 2 | 9236 | 7133 | 2103 |

## 5.Предметно работење на ниво на граѓански оддел

| нерешени предмети на почетокот на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 683 | 3604 | 57 | 1 | 4343 | 3446 | 897 |

## 6.Квалитет на предметите на ниво на кривичен оддел

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | број | % | број | % | број | % |
| 1400 | 115 | 8,2 | 23 | 1,6 | 21 | 1,5 |

## 8.Квалитет на предметите на ниво на граѓански оддел

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1058 | 151 | 14,3 | 54 | 5,1 | 10 | 0,9 |

## 9.Состојба со стари предмети –декември 2023 година

| Вид предмет/ основ | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предмети за кривично полнолетни | | | 2 | 2 | 2 | 4 | 10 | 18 | 38 |
| Повикани лица на издржуваче казна затвор (полнолетни) | | | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 4 | 15 |
| Прекршочни предмети | | | | 1 | | 2 | 12 | 116 | 131 |
| Платни налози по приговор | | | | | | | | 1 | 1 |
| Кривичен совет вон главен претрес | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| Оставини | | | | | | | | | 22 |
| Извршување на кривични парични казни, трош. и паушал | | | | | | | | 3 | 3 |
| Имотни спорови | | | | | | | | 2 | 2 |
| Семејни спорови | | | | | | | | 1 | 1 |
| Трговски спорови | 1 | | | | | 1 | 1 | | 3 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Облигациони спорови | | | | | | 1 | | 4 | 5 |
| Вонпарнични предмети | | | | | | 2 | 1 | 4 | 7 |
| Работни спорови | | | | | | | | 1 | 1 |
| Извршување на прекршочна глоба,трош.и паушал | | | | | 1 | | | | 1 |
| Физичка делба | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| Повторување на посатка | | | | | | | | 1 | 1 |
| Предмети за кривично малолетни | | | | | | | | 2 | 2 |
| ВКУПНО | | | | | | | | | 237 |

## 10. Просторни капацитети, информатичка технологија и човечки ресурси.

### -Просторни капацитети

Во Основниот суд Кочани просторните капацитети релативно ги задоволуваат основните потреби за нормално функционирање на судот.

Секој судија има своја канцеларија, стручните соработници се сместени по двајца во една канцеларија, а посебен простор има само за дел од записничарите.

Во судот се опремени има три судници, од кои во едната се одржуваат расправи по граѓански предмети, а другите две се користат за одржување на расправи од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа се уште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати, а и просторот за архива веќе станува недоволен за сместување на архивираните предмети, од причина што иако во последните години во континуитет се врши лачење на предметите и со тоа намалување на пренатрупаноста на архивирани предмети, сепак поради поради фактот што лачење на предметите не се вршело во континуитет, не може да се изврши намалување на пренатрупаноста на архивата.

Проблемот со простор за архивирани предмети особено е изразен и од причина што дел од архивските простории користат и Основното јавно обвинителство Кочани и Државното Правобранителство за подрачјето на Кочани, а голем дел од просторот зафаќаат и архивирани предмети на нотари кои работеле на подрачјето на Кочани, а поради престанок со работа предметите се оставени на чување во судот.

Во овој дел и понатаму останува проблемот што во истата зграда е

сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите на судската зграда.

Последните неколку години се барани средства и за замена обелување на деловните простории и фарбање на вратите поради оштетеност, но средства за оваа намена не се одобруваат.

**- информатичка технологија**

Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.

Се врши електронска достава на судски акти преку Систем за електронска достава на судски документи до сите правни и физички лица кои се корисници на Систем за електронска достава.

Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции

Тековно и ажурно се врши објава на правосилни судски одлуки на web страната на судот.

Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи.

Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти

Извршена е целосна инсталација, имплементација и миграција на нова хардверска и софтверска платформа

Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.

ИКТ опремата во Основен суд Кочани ги задоволува тековните потреби.

Основен суд Кочани во 2023 година има во употреба две софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС

**ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ**

Неопходно е да се изврши набавка на целосно нова опрема за аудио снимање во судници која би ги опфатила потребните хардверски и софтверски компоненти (SRS Femida 4A 4ADigital Court recording software, 4 channels audio recording).

**- човечки ресурси**

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани, во овој суд се предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2023 година има вработено вкупно 36 судски службеници согласно Законот за судска служба, 4-ца се вработени по Законот за работни односи, и 8 судии, но во текот на 2023 година еден судија е именуван за В.Д. претседател во Основен суд Берово, еден судија е избран за претседател на Основен суд Виница, односно во текот на првото шестомесечје судиската функција фактички ја извршуваа вкупно 6 судии, од кои 5 судии и Претедателот на судот,а во текот на второто шестомесечје поради заминување во пензија на еден судија, судиската функција ја извршуваа 5 судии од кои 4 судии и Претседателот на судот, кој број на судии и судски службеници е недоволен имајќи во предвид дека станува збор за суд со проширена надлежност. Во месец декември 2023 година е делегиран еден судија од Граѓански суд Скопје за период од една година.

Во 2023 година беа одобрени и реализирани две нови вработувања на неопределено време.

Заради ограничувањата на бројот на барање нови вработувања во текот на 2023 година еден судски службеник и еден работник-хигиеничар работеа со договор на определено време, на судскиот службеник договорот му истече заклучно со 31.12.2023 год., а на крајот на 2023 година по одобрени средства и спроведена постапка работникот на работно место хигиеничар е вработен на неопределено време

За 2024 година е поднесено барање за одобрување на 2 нови вработувања, еден судски службеник за работно место ,,стручен соработник", и еден судски службеник за работно место ,,дактилограф,, едно барање за унапредување во виш судски соработник, и едно барање за вработување на определено работно време за работно место дактилограф, кое по одобрени средства од страна на Министерство за финансии во текот на јануари 2024 година е реализирано.

Бидејќи и понатаму останува проблемот со недостаток на судии и судски соработници, сметаме за потребно во догледно време да се обезбеди согласност за пополнување и на овие работни места, минимум двајца стручни соработници и минимум двајца судии.

Согласно одлуката на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со пензионирање на судии во претходните години и разрешување на еден судија по негово барање во текот на 2021 година, избор на еден судија за претседател на Основен суд Виница а еден назначен за ВД претседател на Основен суд Берово, во моментов пополнети се само 5 од овие места, така што и во текот на 2024 годината, како впрочем и повеќе години station наназад, фактички ќе постапуваат 5 судии, од кои еден е претседател на судот, и еден судија длегиран од Основен Граѓански суд Скопје, кој пак поради тоа што нема најмалку две години работно искуство може да постапува само во предмети за кои е предвидена надлежност на суд со основна но не и со проширена надлежност.

Со овој број на судии значително е отежнато изготвувањето на

Годишниот распоред за работа на судиите, особено во формирањето на советите од тројца судии, па често се јавува потреба од изземања во кривичните предмети поради законски пречки опеределен судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечки совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара определување на друг суд да постапува по кривичен предмет, но и неопходноста судии кои се специјализирани да работат во граѓанска материја да земат во работа и прекршочни, а понекогаш и кривични предмети.

**ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ, на ден 08.02.2023 год.**

**Претседател на судот,**
**м-р Сузана Милевска**